Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22 од Законот за енергетика*), член 18 став (1) од Правилникот за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.234/23) и Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар за природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.285/22 и 270/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2024 година на Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

1. На Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, за 2024 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 418.812.111 денари и просечна тарифа во износ од 0,1321 ден/kWh, за пренесени 3.170.861.000 kWh природен гас.
2. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1289 ден/kWh природен гас.
3. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1418 ден/kWh природен гас.
4. Тарифата за пренесени количини на природен гас во точките на излез за категоријата на потрошувачи - останати потрошувачи, потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 $nm^3$ изнесува 0,1482 ден/kWh природен гас.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2024 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Акционерското Друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје) согласно член 15 од Правилникот за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.234/23) (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2024 година бр.11-4575/5 од 28 ноември 2023 година, (во понатамошниот текст: Барање). Барањето е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 бр.11-888/23 од 5 декември 2023 година.

НОМАГАС АД Скопје кон Барањето ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика постапувајќи согласно член 17, став (2) од Правилникот, на 6 декември 2023 година го објави известувањето во врска со Барањето на НОМАГАС АД Скопје на својата веб страна.

Во однос на објавеното Барање, Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје побара увид во доставената документација во прилог кон Барањето, којшто му беше овозможен од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Исто така во врска со објавеното Барање, заинтересираните правни лица: Стопанска Комора на Република Северна Македонија, АД Макпетрол – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, Либерти АД Скопје и Макстил АД Скопје доставија мислења и предлози во врска со објавените податоци од Барањето.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно Правилникот, изготви предлог одлука со образложение, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 27 декември 2023 година. На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници од НОМАГАС АД Скопје, ДТИРЗ, ТЕ-ТО АД Скопје, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, Јавно претпријатие за енергетски дејности Струмица Гас-Струмица, ЈП Куманово Гас-Куманово, Министерство за економија на Република Северна Македонија, Стопанска Комора на Република Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Совет за потрошувачите, ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Енергетика Скопје, Либерти АД Скопје, Скопје Север АД Скопје и Макстил АД Скопје, АД Пивара Скопје, АД Алкалоид-Скопје, претставник од кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и Стопанска комора на Северозападна Македонија.

По однос на предлог одлуката на подготвителната седница беа дадени забелешки од страна на претставниците на НОМАГАС АД Скопје.

**Податоци доставени од НОМАГАС АД Скопје**

НОМАГАС АД Скопје, во Барањето ги има презентирано следните податоци:

1. ***Планирани количини за пренос на природен гас***

НОМАГАС АД Скопје за 2024 година, планира да пренесе 3.170.861.000 kWh природен гас.

2. ***Регулиран приход и регулирана просечна тарифа***

НОМАГАС АД Скопје, за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас (во кој се содржи и дејноста управување на системот за пренос на природен гас), за регулираниот период 2024 година бара регулираниот приход и просечна тарифа да изнесуваат:

| Година | Регулиран приход (ден) | Просечна тарифа (ден/ kWh) |
|---|---|---|
| 2024 | 587.772.719 | 0,1854 |

НОМАГАС АД Скопје, со Барањето има презентирано податоци за остварени трошоци и приходи за 2022 година, податоци за остварени трошоци и приходи за периодот од јануари до август 2023 година, податоци за пренесени количини на природен гас за 2022 и 2023 година, како и планирани трошоци, приходи и количини на природен гас за 2024 година.

Во Барањето се презентирани следните податоци за 2024 година:

| ОПИС | НОМАГАС АД 2023 година (УП1 бр.11-888/23 од 5.11.2023 година) |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар (денари) | 27.499.193 |
| Трошоци за тековно одржување (денари) | 80.210.000 |
| Трошоци за осигурување (денари) | 14.825.000 |
| Бруто плати (денари) | 85.384.584 |
| Менаџерски плати и награди (денари) | 6.000.000 |
| Други услуги (денари) | 15.848.731 |
| Останати и вонредни трошоци (денари) | 17.395.680 |
| **Вкупно оперативни трошоци (денари)** | **247.163.188** |
| **Амортизација (денари)** | **147.059.559** |
| **Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од работењето (денари)** | **1.223.379** |
| WACC (%) | 0,06733 |
| RAB просек (денари) | 3.635.077.423 |
| Вредност на залиха на природен гас во мрежа AVSt-1 (денари) | 61.065.908 |
| **Принос на регулирани средства (денари)** | **124.436.825** |
| **Технички загуби (денари)** | **65.700.000** |

Со спојувањето на друштвата ГА-МА АД Скопје и НЕР АД Скопје, се направи универзален пренос на целиот нивен имот и на обврските врз новооснованото друштво, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС.
Врз новооснованото друштво – корисник се пренесуваат и сите права и обврски кои ги имаат друштвата што се спојуваат на 30 јуни 2022 година.
Од тие причини, согласно член 525 од Законот за трговски друштва, ГА-МА АД Скопје изготви Годишна сметка пред статусна промена со состојба на 30.06.2022 година, која е доставена во прилог на Барањето.
На 01.07.2022 година ГА-МА АД Скопје и НЕР АД Скопје потпишаа спогодба за спојување во форма на нотарски акт. Спојувањето на сметководствата на двете друштва е извршен по уписот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност на природен гас НОМАГАС во Централниот регистар.
За периодот од 01.07.2022 година до 31.12.2022 година НОМАГАС АД Скопје има изготвено годишна сметка и финансиски извештаи кои што Регулаторната комисија за енергетика ги имаше во предвид при изготвување на оваа Одлука.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Согласно Правилникот, времетраењето на регулираниот период за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас изнесува една година, со почеток од 1 јануари 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот, со оваа одлука на НОМАГАС АД Скопје му утврди регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2024 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас.

Регулираниот максимален приход се одобрува од страна на Регулаторната комисија за енергетика врз основа на анализата на остварените финансиски резултати од работењето на регулираното друштво, односно вршењето на регулираната дејност пренос на природен гас во

2022 година која претставува базна година за новиот регулиран период, доставените финансиски податоци за периодот јануари - август 2023 година, како и планираните активности на друштвото за регулираниот период.

Во тек на постапката се изврши анализа на доставените податоци, при што се утврди следното:

***Оперативни трошоци***

Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по Барањето, за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2024 година ги определи оперативните трошоци во вкупен износ од 200.968.881 денари и тоа:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се утврдени во износ од 18.507.959 денари имајќи ги во предвид реализираните трошоци во изминатиот регулиран период и реализираните трошоци за периодот јануари – октомври 2023 година, како и предвидената стапка на инфлација (CPI) за 2024 година;
2. При утврдување на трошоците за тековно одржување прифатени се трошоците од Барањето кои се однесуваа на одржување на основните средства со кои се врши регулираната енергетска дејност пренос на природен гас во износ од 32.906.667 денари, додедека останатите трошоци кои се однесуваат на 2024 година, презентирани во Барањето за оваа група се соодветно распределени во останатите групи на трошоци;
3. Трошоците за осигурување и трошоците за бруто плати за 2024 година се прифатени согласно податоците презентирани во Барањето во износ од 14.825.000 и 85.384.584 денари, соодветно;
4. Менаџерските плати и менаџерските награди се прифатени согласно презентираните податоци доставени во прилог на Барањето во износ од 5.629.026 денари;
5. Трошоците за други услуги за 2024 година се утврдени во износ од 35.901.231 денари со соодветна распределба на трошоците презентирани во Барањето;
6. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се утврдени во износ од 7.814.415 денари имајќи ги во предвид реализираните трошоци во базната година и предвидената стапка на инфлација за 2023 и 2024 година;

Вредноста на CPI е земена според достапните податоци од кварталниот извештај објавен во ноември од Народна банка на Република Северна Македонија и изнесува 8,9% за 2023 година, и 2,5% за 2024 година.

Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот од работењето за 2024 година се утврдени во износ од 781.938 денари имајќи ги во предвид реализираните трошоци во базната година.

Трошокот за амортизација за 2024 година е утврден во износ од 137.899.303 имајќи ја во предвид амортизацијата на постојните основни средства и одобрените инвестиции за 2024 година.

***Вредност на средствата за вршење на регулирана дејност (RAB) и принос на капитал (RA)***

Регулаторната комисија за енергетика ги анализираше доставените податоци за регулираните средства, изврши пресметката на вредноста на истите и ја утврди вредноста на просечниот RAB:

| Р.бр. | Опис | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| | | Базна година | Планирано | Планирано |
| **1** | **RAB start** | **2.091.404.017** | **2.055.750.697** | **1.922.380.092** |
| 1.1 | Состојба на 01.01.2022/23/24 | 2.091.404.017 | 2.055.750.697 | 1.922.380.092 |
| **2** | **Инвестиции во текот на годината** | **98.077.200** | **1.075.150** | **251.525.734** |
| **3** | Амортизација на нови ОС(просечна стапка од 2.5 и 5 е 3.7%) | | | |
| 3.1 | Амортизација на активни ОС | 133.730.520 | 134.445.755 | 137.899.303 |
| 3.2 | Бесплатно добиени средства во текот на годината | | | |
| 3.3 | Отуѓени, расходувани и повлечени од употреба средства во текот на годината | | | |
| | **Вкупно одбитни ставки** | **133.730.520** | **134.445.755** | **137.899.303** |
| **4** | **RAB end** | | | |
| 4.1 | Состојба на 31.12.2022/23/24 | 2.055.750.697 | 1.922.380.092 | 2.036.006.523 |
| 5 | **Просечен RAB** | **2.073.577.357** | **1.989.065.394** | **1.979.193.307** |

При утврдувањето на вредноста на регулираните средства во базната 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика ги зема во предвид вредноста на средствата со кои се врши регулираната енергетска дејност пренос на природен гас според податоците доставени во прилог на Барањето.

Вредноста на новите инвестиции за 2024 година е утврдена соодветно на вредноста на основните средства кои ќе бидат пуштени во употреба во годината соодветно на планираниот степен на искористеност.

Вредноста на амортизацијата на постојните основни средства прикажана во Барањето е намалена за вредноста на амортизацијата на основните средства кои што не се земени во предвид.

Во вредноста на регулираните средства се вклучени и средства за залихи на природен гас во системот за пренос (AVSt-1) во износ од 37.250.359 денари.

Вредноста на залихи на природен гас во системот за пренос (AVSt-1) е утврдена за количина од 14.170.000 kWh за 2024 година, при што просечната набавна вредност на природен гас е утврдено да изнесува 2,6288 ден/ kWh за 2024 година.

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е прикажана во следната табела:

| Р.бр. | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 2 | Долгорочен долг, Debt (%) | 40,00% |
| 3 | Цена на долг, Kd (%) | 4,50% |
| 4 | Стапка на поврат без ризик, Rf (%) | 0.65% |
| 5 | Ризик согласно кредитен рејтинг на РСМ (%) | 3,85% |
| 6 | Цена на сопствен капитал, Ke (%) | 7,51% |
| 7 | Бета фактор неприлагоден, β | 0,41 |
| 8 | Бета фактор прилагоден, β | 0,66 |
| 9 | Премија за ризик MRP | 10,46% |
| 10 | Стапка на данок на добивка, Tp (%) | 10,00% |
| **11** | **Пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување, WACC (%)** | **6,81%** |

Структурата на капиталот е утврдена согласно Правилникот.

Вредноста на цената на долгот, Kd (%) е пресметана како збир од стапката на поврат без ризик што претставува пет годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и стапката на ризик на државните обврзници на Република Северна Македонија дефинирана како Default spread согласно податоците од базите на Дамодаран од 14 јули 2023 година.

Цената на сопствениот капитал претставува збир на Стапката на поврат без ризик што претставува пет годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и премијата за ризик на Република Северна Македонија која согласно податоците од базите на Дамодаран од 14 јули 2023 година и истата изнесува 10,46 врз чија вредност се аплицира прилагодениот Бета фактор.

Бета факторот неприлагоден се однесува на волатилноста на сопствениот капитал карактеристична за секторот на услужни дејности во развиените пазари кој согласно податоците од базите на Дамодаран од 5 јануари 2023 година изнесува 0,41. Бета факторот прилагоден се добива како функција на Бета факторот неприлагоден и соодносот на долгот наспроти сопствениот капитал.

Принос на капиталот за 2024 година се признава 50% од пресметаниот принос од регулираните средства (RA) соодветно на планираните пренесени количини на природен гас за 2024 година и е утврден во износ од 68.638.129 денари.

***Технички загуби за природен гас***

Техничките загуби за 2024 година се прифатени од Барањето имајќи ги во предвид прогнозираните количини на природен гас за пренос во 2024 година и изнесуваат 41.886.482 денари.

***Фактор на корекција***

Факторот на корекција за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2022 година е утврден во износ од 21.717.814 денари. Преостанатиот дел од факторот на корекција од претходни години изнесува 82.824.260 денари. Вкупниот фактор на корекција изнесува 104.542.074 денари. Факторот на корекција за регулираната енергетска дејност пренос на природен гас кој се применува за 2024 година е утврден да изнесува 31.362.622 денари. Преостанатиот дел во износ од 73.179.452 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има во предвид при носењето на одлуките за наредните години.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас за 2022 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, (MARK2022) изнесува 256.895.025 денари.

| **р.бр** | **ОПИС И ОЗНАКА** | **РКЕ повторно пресметан** | **ОДЛУКА t-2** |
|---|---|---|---|
| 1 | Основен приход во t-2 година, ABBt-2 (денари) | 300.833.656 | 300.568.072 |
| 2 | Технички загуби на ПГ во t-2 година, **Lt-2 (денари)** | 42.711.250 | 46.518.711 |
| 4 | Фактор на корекција во t-2 година, **Kt-2 (денари)** | 86.649.881 | 86.649.881 |
| **5** | **Конечен регулиран максимален приход MARKt-2 (денари)** | 256.895.025 | 260.436.902 |

При повторна пресметка на регулираниот максимален приход за 2022 година, основниот приход за 2022 година е утврден да изнесува 300.833.656 денари и истиот е прилагоден за реализираниот износ на трошокот за залиха на природен гас во мрежа. Вредноста на приносот при повторната пресметка на регулираниот максимален приход за 2022 година, прилагодена за

реализираниот трошок за залиха на природен гас во мрежа, во износ од 53.916.657 денари изнесува 38.411.021 денари.

Оперативни трошоци во износ од 140.768.831 денари, трошокот за амортизација во износ од 121.298.803 денари и пренесените трошоци во износ 355.000 денари се задржани на ниво согласно утврденото со Одлуката УП 1 бр. 08-203/21 од 30 декември 2021 година.

Трошоците за загуби на природен гас во мрежата се преземени од бруто билансот за 2022 година во износ од 42.711.250 денари.

Во овие пресметки не се земени во предвид количините на природен гас пренесени за потребите на производителите на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во периодот од 01.05.2022 година до 30.09.2022 година, ниту приходот остварен со преносот на овие количини во истиот период.

Согласно доставеното барање од НОМАГАС АД Скопје, за 2024 година предвидени се 3.170.861.000 kWh количини на природен гас да бидат пренесени низ системот.

Согласно Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 285/22 и 270/23), за 2024 година од примена на Тарифниот систем, регулираниот максимален приход кој што се распределува на тарифните елементи за капацитет е нула и соодветно на тоа тарифата за капацитет исто така е нула.

Согласно на член 238 став (4) од Законот за енергетика вршителот на дејноста пренос на природен гас ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас и соодветно на ова во тарифата за пренос е вклучена и тарифа за пазар на природен гас.

Регулираниот максимален приход за 2024 година изнесува 418.812.111 денари за пренос на 3.170.861.000 kWh природен гас.

Согласно точка 4.2 од Прилог 1 од Тарифниот систем за пренос на природен гас и за пазар на природен гас а имајќи ги во предвид карактеристиките и динамиката на користење на преносниот систем, тарифата за категоријата на потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија изнесува 0,1289 ден/kWh природен гас, тарифата за категоријата на потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи изнесува 0,1418 ден/kWh природен гас и тарифата за категоријата на потрошувачи останати потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 $nm^3$ изнесува 0,1482 ден/kWh природен гас.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 бр. 11-888/23**
**28 декември 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**